**20242404213**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐☐☐

☐Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 9 и член 37 став (8) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 21 ноември 2024 година, донесе

**ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИГОВОРИ И ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 1

Во Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.255/23), во член 8 ставот (3) се менува и гласи:

„ Три члена, од кои еден е претседател на комисијата, се именуваат од членовите на Регулаторната комисија за енергетика, а другите два члена и нивните заменици се именуваат од вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика."

Член 2

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија."

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 01-2055/1
21 ноември 2024 година
Скопје